**Бр. 08-78/3**
**22.01.2024 г**

# ЈАВЕН ОГЛАС ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА МАКСИМУМ 6 (шест) ТУТОРИ ЗА ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИ РОМИ ВО ОПШТИНА БИТОЛА

Општина Битола објавува јавен оглас за ангажирање на тутори за поддршка на ученици Роми од 3то, 4то и 5то одделение во основно образование во Општина Битола. Оваа активност се имплентира како продолжување на дел од акцијата „Пост КОВИД 19 мерки за превенција и опоравување во образованието за деца и возрасни„ финансирана во рамки на заедничкиот проект на Европската Унија и Советот на Европа, РОМАКТЕД Програмата Фаза II за „Промовирање на добро управување и зајакнување на Ромите на локално ниво„

**Краток опис на акцијата**

Оваа акција има за цел да го унапреди квалитетот на образование за децата Роми во основно образование кои беа дел од наставата во далечина за време на пандемијата и се соочија со разни предизвици од кои произлегоа значителни последици во однос на намалување на квалитетот на образование за учениците Роми.

***Тутори***

Во рамките на акцијата ќе се обезбеди дополнителна образовна/туторска поддршка на минимум 30 ученици Роми во учебната 2023/2024 година (февруари-јуни). Дополнителната поддршка ќе биде обезбедена за децата Роми вклучени во 3то, 4то и 5то одделение кои покажуваат слаби образовни резултати како последица од наставата во далечина за време на пандемијата. Дополнителна образовна/туторска поддршка ќе се обезбеди по предметите Македонски јазик и Математика.

Во рамките на оваа активност во период од 5 (пет) месеци ќе бидат ангажирани максимум 6 (шест) тутори кои што два пати неделно по еден час (60 минути) ќе работат со овие деца, заради оспособување и стекнување на основни вештини кои се неопходни во процесот на редовното образование.

**КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА ТУТОРИ**

Право да се пријават за тутори имаат кандидатите кои ги исполнуваат следните критериуми:

1. Дипломирани наставници по одделенска настава (прво до петто одделение)
2. Да се државјани на Република Северна Македонија

**КАНДИТАТИТЕ ЗА ТУТОРИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ СЛЕДНИТЕ УСЛОВИ:**

1. Одлична писмена и усна комуникација
2. Силна мотивација за работа со деца од маргинализирани заедници
3. Познавање на состојбите со ромската заедница
4. Вештини за работа со деца
5. Познавање на ромски јазик ќе се смета за предност
6. Искуство во туторска настава со деца Роми
7. Приложување на сертификат за туторски обуки ќе се смета за предност

**ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ ЗА ТУТОРИ:**

1. Пријава за тутори (пријавата е прикачена заедно со јавниот повик);
2. Кратка биографија (CV)
3. Друга документација која кандидатот смета дека ќе му биде во прилог на апликацијата (доколку има референтни писма, доколку поседува искуство за слична работа во други проекти, сертификати и сл.)
4. Копија од Уверение за државјанство
5. Копија од диплома за завршено високо образование
6. Копија од договор/решение за вработување како наставник

**<u>Заинтересираните кандидати комплетната документација можат да ја достават на три начини:</u>**

- во архивата на општината во затворен коверт со долунаведената назнака
- препорачано по пошта на следната адреса: Булевар 1ви Мај бр.61, 7000 Битола, во затворен коверт со долунаведената назнака
- или електронски на следната е-маил адреса**:** popovskan@bitola.gov.mk со долунаведената назнака

**Крајниот рок за доставување на пријави за тутори е пет дена со денот на објавување на огласот на веб страната на општината, односно најдоцна до 26.01.2024 година со назнака: „ АПЛИКАЦИЈА ЗА ЈАВЕН ОГЛАС ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА МАКСИМУМ 6 (шест) ТУТОРИ ЗА ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИ РОМИ ВО ОПШТИНА БИТОЛА „ -**

**Ненавремената и некомплетната документација нема да се разгледува и истата нема да влезе во конкуренција со останатите пријави.**

За сите дополнителни прашања и информации можете да не контактирате на следниот број: 047/208-338 секој работен ден од 10:00 до 12:00 часот. Лице за контакт Наташа Ташкова Поповска.